Мониторинг и подобрувањенакапацитетотнаинституциитевосправувањесоорганизиранкриминал и корупција
Monitorimidhepërmirësimiikapacitetevetëinstitucionevenëballafaqim me krimin e organizuardhekorrupsionin
Monitoring and improvement of the institutions capacity's fighting organized crime and corruption

This project is funded by the European Union



# МОНИТОРИНГ БРИФ

## На судски постапки поврзани со организиран криминал и корупција

EU for YOU

AD

КОАЛИЦИЈА
СИТЕ ЗА ПРАВИЧНО СУДЕЊЕ
TË GJITHË PËR GJYKIME TË DREJTA
SARINE BASO NJAVALO KRISIPE
KOALICIONI
KOALICIJA

**Издавач:**

Коалиција „Сите за правично судење“

**Автор:**

Проф. д-р Гордан Калајџиев

Оваа публикација е изработена со финансиска поддршка на Европската Унија. Нејзината содржина е единствена одговорност на Асоцијацијата за Демократски иницијативи и Коалицијата „Сите за правично судење“ и истата не ги одразува ставовите на Европската Унија

Достапно единствено како електронско издание

# АКТУЕЛНИ СУДСКИ ПОСТАПКИ

**Во извештајниот период што се однесува на месец ноември 2020 година беа мониторирани 49закажани рочишта за кривични постапки од областа на организираниот криминал и корупцијата, од кои 33 беа одржани, а 18беа одложени (од нив 15 рочишта беа одложени поради причини поврзани со COVID-19). Дополнително, 14 термини за рочишта беа отповикани со претходно известување од страна на Судот поради здравствени пречки за присуство предизвикани од причини поврзани со COVID-19.**

## К-817/11 – „Маѓар Телеком“

## К-1493/17 – „Тотал“

Предметот се води за кривично дело„Даночно затајување“ од член член 279 став 2 вв став 1 вв член 45 од КЗ.

На рочиштето од **18.11.2020 година**, главната расправа започна со давање воведни говори на странките. Воведните говори на обвинетиот и на неговиот бранител беа кратки и концизни, се осврнаа врз кривичните дела за кои се товарат обвинетите и фактите и доказите со кои ќе го побиваат обвинението. Јавниот обвинител како и претставникот на обвинетите правни лица останаа на веќе дадените воведни говори, со оглед дека главната расправа започна одново поради протек на време и поради промена на судечкиот совет.

Рочиштето на **25.11.2020 година** се одложи бидејќи бранителот на обвинетиот во ист период бил ангажиран и на друг предмет.

## К-1959/17 – „Тортура“

Предметот се води за кривично дело „Мачење и друго сурово, нечовечко или понижувачко постапување и казнување“ од член 142 став 1 од КЗ.

Рочиштата за главна расправа од **03/06/13.11.2020**беа одложенипоради непотполн судечки совет односно отсуство на судија од здравствени причини поврзани со COVID-19. Главната расправа продолжи во фаза на доказна постапка на **30.11.2020 година** на кое рочиште беа испитани сведоци на обвинителството на начин што обвинителството во директно испитување ги запраша сведоците дали се сеќаваат на своите искази дадени на претходни рочишта и дали остануваат на истите во целост, на што сведоците одговорија потврдно. Обвинителството, повикувајќи се на член 371 од ЗКП, побара нивните искази да бидат изведени со читање или репродуцирање, на кое нешто одбраната даде согласност, па исказите на сведоците во целост беа прочитани и внесени во записникот.

## К-1413/19 – „Талир 2“

Предметот се води за кривично дело „Злоупотреба на службена положба и овластување“ од член 353 став 4 в.в. став 3 в.в. став 1 в.в. член 22 в.в. член 45 од КЗ.

Рочиштата за главна расправа закажани на **05.11.2020 година**и **19.11.2020 година** не беа одржани поради неисполнување на законските претпоставки за одржување на главната расправа, односно здравствени пречки на страна на обвинет по предметот поврзани со зараза со COVID-19.

## К-1925/20 – „Тревник“

Главната расправа на рочиштето од **13.11.2020 година** започна со давање на воведни говори од странките. По давањето на воведни говори, бранителот на прво и второобвинетиот побара од Судот да го задолжи јавниот обвинител да достави документ дека истиот е овластен да ја води постапката, со оглед на одредбите од новиот Закон за јавното обвинителство кои се однесуваат на предметите иницирани од СЈО, на што јавниот обвинител што постапува по предметот наведе дека со одлука на Јавниот обвинител на Република Северна Македонија е овластен да го води предметот. Судот истакна дека ќе се произнесе по однос на тоа прашање пред започнување на следното рочиште.

На рочиштето за главна расправа од **17.11.2020 година**, претседателот на судечкиот совет го одби барањето на одбраната и ја упати одбраната ова барање да го достави до Јавното обвинителство на Република Северна Македонија, а воедно констатираше дека јавниот обвинител постапил по истото и доставил овластување за застапување по овој предмет бидејќи било издадено од надлежен и хиерархиски повисок јавен обвинител. На ова рочиште како и на рочиштето од **24.11.2020 година** главната расправа продолжи во фаза на доказна постапка, со изведување на материјални докази на предлог на јавното обвинителство, односно беа преслушани аудио-снимки од разговорите од нелегалното следење на комуникациите во врска со предметот.

## К-2616/20 – „Моќник“

Предметот се води за следните кривично дела: „Измама“ од член 247 став 4 во врска со став 1 во врска со член 22 од КЗ, „Злоупотреба на службената положба и овластување“ од член 353 став 2 во врска со став 1 во врска со член 23 од КЗ и „Злоупотреба на службената положба и овластување“ од член 353 став 2 во врска со став 1 во врска со член 22 од КЗ.

Рочиштето за главна расправа од 25.11.2020 година се одложи поради отсуство на дел од обвинетите, од здравствени пречки и поради неуредна достава.

## КОК-47/17 – „Таргет/Тврдина“

Предметот се води за следните кривични дела: „Злосторничко здружување“ од член 394 став 1 од КЗ; „Злоупотреба на службената положба и овластување“ од член 353 став 5 в.в. став 1 в.в. член 22 од КЗ; „Фалсификување службена исправа“ од член 361 став 1 од КЗ; „Примање награда за противзаконито влијание“ од член 359 став 2 в.в. став 1 од КЗ.

Главната расправа од **03.11.2020 година** продолжи во фаза на доказна постапка со изведување на материјални докази на предлог на обвинителството. Материјалните докази беа изведувани на начин што застапникот на обвинението кратко појаснуваше на која околност се однесува доказот и ја образложуваше содржината на истиот, а содржината на секој доказ поединечно беше прикажана и со

електронска презентација. Претседателот на судечкиот совет ги прочита изјавите на оштетените лица доставени до Судот во врска со нивно изјаснување за предјавување на имотно-правно побарување. Истите дејствија беа преземени и на рочиштето за главна расправа од **06.11.2020 година**. По приговор на одбраната, Судот одлучи да не ги прифати доказите кои се на јазик што не се користи како официјален јазик во постапката, а за кои не е обезбеден превод. При изведување на останатите докази се направи извесна отстапка од изведувањето на докази согласно доставената листа од причина што дел од доказите содржат класифицирани информации, па нивното изведување ќе биде извршено на посебно рочиште за главна расправа со исклучување на јавноста.

Главната расправа на **13.11.2020 година** не се одржа поради здравствени пречки за присуство на обвинет предизвикани од COVID-19, па од истите причини се отповикаа и рочиштата закажани за **16.11.2020 година, 18.11.2020 година** и **20.11.2020 година.** Со оглед на тоа дека беа исполнети законските услови за одржување на расправа, Судот ги извести повиканите оштетени да доставаат поднесок со кој ќе се произнесат дали побаруваат оштетено побарување.

На рочиштето за главна расправа од **23.11.2020 година** од страна на претседателот на судечкиот совет беа прочитани 54 писмени поднесоци од оштетени лица кои пријавуваа имотно-правно побарувања, а кои писмени изјави соодветно беа нотирани во записник. Потоа, главната расправа продолжи со директно испитување на 15 сведоци – оштетени од страна на обвинителството. Одбраната не ја искористи можноста за вкрстено испитување, додека пак Судот постави прашања за дополнување на дадените одговори.

На **26.11.2020 година** главната расправа повторно се одложи поради здравствени пречки за присуство на еден од обвинетите, па се отповика и терминот за **27.11.2020 година**. Присутните оштетени беа упатени да се изјаснат за своето имотно-правно побарување со поднесок до Судот.

## КОК-52/17 – „Траекторија“

<u>Предметот се води за кривично дело „Злоупотреба на службената положба и овластување“ од член 353 став 5 в.в. став 1 в.в. член 22 од КЗ и кривично дело „Примање награда за противзаконито влијание“ од член 359 став 2 од КЗ.</u>

На рочиштето за главна расправа од **25.11.2020 година**беше испитанеден сведок на предлог на обвинителството. Имено, за еден од обвинетите во предметот што се наоѓа во куќен притвор било издадено решение за самоизолација, но по направен брз тест за детектирање на COVID-19 со негативен резултат, истиот бил спроведен на судењето.

## КОК-53/17 – „ТНТ“

<u>Предметот се води за кривично дело „Злоупотреба на службената положба и овластување“ од член 353 став 5 в.в. став 1 в.в. член 23 став 1 од КЗ, „Злоупотреба на службената положба и овластување“ од член 353 став 3 в.в. став 1 в.в. член 23 став 1 од КЗ, „Злоупотреба на службената положба и овластување“ од член 353 став 5 в.в. со став 1 в.в. член 22 од КЗ, „Злоупотреба на службената положба и овластување“ од член 353 став 3 в.в. со став 1 од КЗ и „Злоупотреба на службената положба и овластување“ од член 353 став 5 в.в. со став 1 од КЗ.</u>

Рочиштето за главна расправа од **04.11.2020 година** се одложи поради здравствени пречки на еден од обвинетите на којшто му е издадено решение за самоизолација. Од истите причини се отповика рочиштето закажано за **06.11.2020 година** односно се одложи рочиштето за **11.11.2020 година**. Главната расправа продолжи на **26.11.2020 година** со испитување на оштетен во постапката.

## КОК-57/17 – „Топлик“

Предметот се води за кривично дело „Злоупотреба на службената положба и овластување“ од член 353 став 5 в.в. со став 1 в.в. со член 22 од КЗ.

Главната расправа од**26.10.2020 година** се одложи поради отсуство на областениот застапник на обвинението, поради здравствени причини во врска со COVID-19.

## КОК-60/17 – „Трезор“

Предметот се води за кривично дело „Злоупотреба на службената положба и овластување“ од член 353 став 5 в.в. со став 3 в.в. став 1 в.в. член 22 од КЗ и „Злоупотреба на службената положба и овластување“ од член 353 став 5 в.в. со став 3 и став 1 в.в. со член 24 од КЗ.

На рочиштетото за главна расправа од **11.11.2020 година** беше испитан технички советник предложен од одбраната, при што обвинителството ја искористи можноста за поставување на вкрстени прашања. Судот исто така постави прашања за дополнување на дадените одговори и внимаваше на дозволеноста на прашањата по поднесени приговори. Главната расправа од **25.11.2020 година** се одложи поради отсуство на повиканиот технички советник за рочиштето, од здравствени пречки во врски со COVID-19.

## КОК-64/17 – „Тендери“

Предметот се води за кривичното дело „Злоупотреба на службената положба и овластување“ од член 353 став 5 в.в. со став 1 в.в. со член 22 од КЗ.

Рочиштето за главна расправа од **10.11.2020 година**се одложи поради отсуство на бранител од здравствени причини поврзани со COVID-19.

## КОК-66/17 – „Монструм“

Предметот се води за кривичното дело „Тероризам“ од член 394-б став 1 в.в. со член 22 од КЗ.

Рочиштата за главен претрес закажани на **06.11.2020** и **13.11.2020 година** беа одложени поради здравствени пречки на бранител во постапката, поврзани со COVID-19, додека пак рочиштето од **30.11.2020 година** беше однапред отповикано од истите причини.

## КОК-7/18 – „Титаник“

Предметот се води за следните кривични дела: „Злосторничко здружување“ од член 394 став 1 од КЗ; „Злоупотреба на средствата за финансирање на изборната кампања“ од член 165-а став 1 в.в. член 45 од КЗ; „Повреда на избирачкото право“ од член 159 став 2 в.в. со став 1 в.в. со член 45 од КЗ; „Повреда на слободата на определување на избирачите“ од член 160 став 2 в.в. со член 23 и член 45 од КЗ; „Злоупотреба на службената положба и овластување“ од член 353 став 5 в.в. со став 1 и член 23 од КЗ; „Фалсификување исправа“ од член 378 став 2 в.в. член 45 од КЗ; „Поткуп при избори и гласање“ од член 162 став 1 и в.в. со член 45 од КЗ; „Уништување на изборен материјал“ од член 164 став 2 од КЗ.

Рочиштето на **24.11.2020 година** почна со задоцнување, при што беше Судот го казни бранителот којшто за време на чекањето го напуштил судењето, па поради тоа рочиштето се одложи. Истото беше презакажано на **25.11.2020 година**, но повторно не се одржа поради преклопување со друго судење, иако странките и сите други учесници во постапката чекаа во судската зграда повеќе од 5 часа. Главната расправа се одржа на **26.11.2020 година** и продолжи во фаза на доказна постапка, со испитување на 5 сведоци на предлог на обвинителството. Истите сведоци беа предложени и од страна на одбраната, но одбраната ги повлече овие предлози, за што застапникот на обвинението даде согласност. Изведувањето на вербални докази на предлог на одбраната продолжи и на рочиштето за главна расправа од **30.11.2020 година** на кое беа испитани 7 сведоци.

## КОК-3/19 – „Талир“

Предметот се води за кривичните дела „Злоупотреба на службената положба и овластување“ од член 353 став 4 в.в.став 3 в.в. став 1 в.в. член 45 од КЗ, „Перење пари и други приноси од казниво дело“ одчлен 273 став 1 в.в. член 22 в.в. член 45 од КЗ, „Злоупотреба на службената положба и овластување“ од член353 став 4 в.в. став 3 в.в. став 1 в.в. член 24 в.в. член 45 од КЗ и „Перење пари и други приноси одказниво дело“ од член 273 став 12 в.в. став 1 в.в. член 45 од КЗ.

Рочиштето за главна расправа од **20.11.2020 година** се одложи поради отсуство на обвинет од здравствени причини поврзани со COVID-19.

## КОК-20/19

Предметот се води за кривично дело „Злоупотреба на службена положба  овластување“ од член 353 од КЗ.

На рочиштето за главен претрес од **12.11.2020 година** беа сослушани вешти лица и двајца сведоци на предлог на обвинителството. Сведоците беа запрашани дали останувaат на веќе дадените искази при што не им беа поставени дополнителни прашања. На рочиштето од **24.11.2020 година** беше сослушан уште еден сведок на предлог на јавното обвинителство, како и претставник на оштетеното лице, па главниот претрес продолжи со изведување на докази на предлог на одбраната. Беа сослушани двајца сведоци, од кои едниот беше странски државјанин па поради тоа Судот обезбеди преведувач.

## КОК-146/19

Рочиштето за главна расправа од **03.11.2020 година** сеодложи поради здравствени пречки на обвинет заболен од COVID-19. Се одложи и рочиштето закажано на **26.11.2020 година**.

## КОК-105/19

Рочиштето од **17.11.2020 година** воопшто не се одржа, а причините за одлагањето не се познати.

## КОК-2/20 – „Организатори на 27ми април“

Предметот се води за кривичното дело „Терористичко загрозување на уставниот поредок и безбедноста“ од член 313 од КЗ.

На рочиштата за главна расправа од **06.11.2020 година** и **13.11.2020 година** беа изведени вербални докази на предлог на првообвинетиот, односно беа испитани предложените сведоци во директно испитување спроведено од страна на одбраната, додека пак обвинителството го искористи правото да поставува вкрстени прашања. Судот го искористи своето право согласно член 383 став 5 да поставува прашања за појаснување на дадените одговори, се грижеше за дозволеноста на прашањата по истакнат приговор и им помагаше на странките да ги формулираат прашањата. Изведувањето на вербални докази на предлог на одбраната продолжи и на рочиштето одржано на **16.11.2020 година** на кое беа испитани 6 сведоци, како и на рочиштето на **23.11.2020 година** на кое беа испитани 4 сведоци. Поради ефикасност и економичност на постапката, Судот предложи да се отстапи од предвидениот начин на изведување на доказите, па поради тоа на истата расправа се продолжи со изведување на материјалните докази на предлог на второбвинетиот. Ова од причина што листата на сведоци од страна на првообвинетиот е обемна и истите не можат да се обезбедат на секое рочиште, пред се’ поради неуредна достава или од здравствени причини.

Изведувањето на вербални докази на предлог на првообвинетиот продолжи и на главната расправа од **27.11.2020 година**. По спроведување на директното испитувањето на сведокот од страна на одбраната, со оглед дека јавното обвинителство не го испитуваше вкрстено, Судот донесе решение дека испитувањето на сведокот заврши, но од страна на сведокот беше побарано дополнително да се произнесе. По даденото укажување на Судот за улогата на лицето кое има својство на сведок во постапката односно за законски определениот начин на испитување, а повторно по инсистирање на сведокот, Судот го праша сведокот да се произнесе што друго знае за предметот, на што сведокот во одговор почна да дава своја изјава.

## КОК-25/20

Рочиштето закажано за **09.11.2020 година** воопшто не беше одржано, а од Судот беше добиена информација дека истото е поради отсуство на обвинет од здравствени причини.

## КОК-27/20

Предметот се води за кривично дело „Криумчарење мигранти“ од член 418-б од КЗ.

Рочиштето од**16.11.2020 година**се одложи од причина што на ова рочиште во доказната постапка јавниот обвинител требаше да ги чита изјавите на мигрантите дадени во ОЈО, но истите обвинителот не ги носеше на судењето односно направил превид сметајќи дека на ова рочиште ќе се преземаат други процесни дејствија, на што наиде на незадоволство од страна на претседателот на судечкиот совет и ваквото однесување на обвинителот го нарече крајно несериозно. Обвинителот побара пауза од половина час се со цел да ги обезбеди потребните материјли, но судијата го одби овој предлог и го одложи рочиштето.

## КОК-37/20

Рочиштето закажано за **12.11.2020 година** беше одложено поради отсуство на бранител од здравствени причини.

## КОК-49/20– „Меѓународен сојуз“

Предметот се води за кривичните дела „Измама“ од член 247 од КЗ, „Перење пари и други приноси од казниво дело“ од член 273 од КЗ и „Неовластено изработување, држење, посредување и тргување со оружје или распрскувачки материи“ од член 396 од КЗ.

Главната расправа на **19.11.2020 година** продолжи во фаза на доказна постапка со изведување на материјални докази на предлог на јавното обвинителство, со презентирање на содржината на доказот. Главната расправа беше прекината поради здравствената состојба на првообвинетиот што налага одредено време за мирување во текот на денот, како и примање на терапија. Пред да се отпочне со изведување на доказите на предлог на обвинителството, првообвинетиот поднесе барање за изземање на претседателката на судечкиот совет бидејќи истата постапувала како член на судечки совет во друг предмет каде што истиот имал својство на обвинет и за кој веќе има оформено мислење, односно донесена пресуда, дотолку повеќе тој предмет се потпира на истиот доказен материјал во еден дел. Дополнително, првообвинетиот посочи дека судијата и самата барала изземање на почетокот на судењето од истите причини, кое барање не било одобрено од претседателот на Судот, а наведе и дека судијата во неколку наврати на претходните судења користела дискриминаторски јазик во однос на неговото социјално потекло, имотната состојба и изгледот. Претседателот на судечкиот совет одлучи барањето да го третира како барање поднесено надвор од главна расправа какво што може да се поднесе во текот на целата постапка, повикувајќи се на член 36 став 8 од ЗКП и одлучи главната расправа да продолжи, а барањето ќе се достави до претседателот на Судот на негово одлучување. Првообвинетиот реагираше на ваквата одлука, поради што претседателот го опомена на записник. Во однос на изведените докази, првообвинетиот приговараше дека истите се веќе изведени во друг предмет, дека не се поврзани со кривично-правниот настан поради кој се води оваа постапка, се нејасни, неразбирливи и не се однесуваат на никакви решавачки факти и околности, а приговараше и на начинот на изведување. Претседателот на судечкиот совет одговори дека за начинот на изведување одлучува јавниот обвинител, а дека оваа пракса на изведување на доказите со презентирање на нивната содржина е нова, воведена од неодамна и дека истите се веќе изведени во другата постапка, на што една од обвинетите приговори дека таа не била дел постапката што се споменува.

Изведувањето на материјалните докази на предлог на јавното обвинителство продолжи на главната расправа од **25.11.2020 година**. Се изведуваше извештај од форензичко читање на мобилни уреди изготвен од МВР, којшто извештај обвинителството го класифицираше како вештачење прибавен врз основа на наредба за вештачење. Првообвинетиот приговараше дека изведениот доказ не може да се третира како вештачење, туку како што самиот наслов упатува – извештај од форензичко читање на уредите, а напомена и дека дел од пораките чија содржина беше презентирана не се однесуваат на кривично-правниот настан и наредбата е издадена за временски период надвор од оној утврден како време на сторување на кривичното дело согласно обвинителниот акт.

На почетокот на судењето, претседателот на судечкиот совет извести дека претседателот на Судот, постапувајќи по поднесеното барање за изземање, истото го одбил. Првообвинетиот повторно поднесе барање за изземање, но овојпат на целиот судечки совет (претседателот и двајцата судии поротници). Претседателот на судечкиот совет одлучи главната расправа да не се прекине односно во смисла на член 36 став 4 од ЗКП, истата продолжи во фаза на доказна постапка, а барањето го достави до претседателот на Судот. Додека го изнесуваше барањето, првообвинетиот беше опоменат на записник за неговото однесување во постапката.

## КОК-36/16

Рочиштето на **09.11.2020 година** се одложи поради отсуство на јавниот обвинител, предизвикано од преклопување на обврски по предметите.

## Коментар:

Во набљудуваниот месец евидентен е големот број на одложени рочишта поради светската пандемија со вирусот COVID-19, и т.н. „втор бран“ во нашата држава. Па така, поради самоизолација или заболеност со вирусот биле одложени една половина од закажаните рочишта, додека останатиот дел од одлагањата беа врз основа на и досегашните коментирани основи, од типот на преклопување на обврските на бранителите или отсуство на обвинетиот, бранителот или јавниот обвинител.

Во однос на одржаните рочишта, генерално може да бидеме задоволни од фактот дека се работи за унапредување на техниките на поставување на директните прашања и на прашањата во текот на вкрстеното испрашување од страна на странките, за што во најголемиот број на случаи и судовите немале потреба од вмешување. Сепак, сѐ уште е присутна практиката кога судот бил принуден да поставува прашања поради доразјаснување на поедини делови од исказите на сведоците, но задоволува фактот дека не е забележано прераснување на дополнителното испитување во самостојно испитување на сведокот од страна на судот.

Интересна за коментар е увидената состојба во однос на изземањето на еден судија, кој во еден наврат и самиот барал да биде изземен, поради постапување во друг предмет против истиот обвинет, но за друго дело. Во таа насока, ова е интересен случај од аспект на куриозитет да истиот обвинет за друго дело според автоматската распределба на предметите да „падне“ кај истиот судија. Од друга страна, со оглед на фактот дека се работи за друго кривично дело, како и за друг паралелен предмет, навистина не може да се смета дека се работи за претходно одлучување на судијата, па со тоа и да имаме основ за изземање дека судијата веќе има оформено став по другиот предмет за истиот обвинет. Сепак, со оглед на фактот што судијата може да има определени впечатоци за криминалното поведение на обвинетиот во ваквите случаи, сметаме дека е потребно да се направат дополнтиелни анализи, а врз основа на нив и да се утврди дали е потребно да се интервенира во делот на ЗКП во кој се предвидени основите за изземање. Ова од едноставна причина, што факултативната основа за изземање на судијата – iudex suspectus во конкретниот случај не е лесно да се поткрепи и образложи, со што одлуката за неизземање на судијата се чини оправдана, но навистина, генерално гледано, отворена е дискусијата дали за два различни предмети против ист обвинет во еден од поголемите судови по број на судии би требало да одлучува ист судија. Генерално, при вакви дилеми, сепак преферираме решение во корист на обвинетиот.

За поздравување е аргументацијата на судот во случајот кога е донесено решение за отстапување од редоследот на изведување на доказите од редовниот предлог. Па така, иако генерално сме против можноста за отстапување од редоследот на изведување на доказите поради фактот дека со тоа се прави „упад“ во теоријата на случајот на странките, сепак сметаме дека во исклучителни, но одбро образложени случаи како увидениот, ваквата практика може да се толерира.

Сметаме дека е правилна практиката на изведување на материјалните докази преку презентација и кратка експликација, со што на генералната јавност и се дава контекстот на доказот, неговата доказна вредност и фактичкиот настан кој се осознава преку тие докази.

Конечно, интересна за коментар е одредбата од ЗКП која се однесува на почетокот на главната расправа од почеток, при протек на подолг временски период како начин за остварување на начелото на непосредност на судот. Имено, и во конкретниот случај се поставува прашањето за целисходноста на оваа одредба, бидејќи и по повторниот почеток на главната расправа странките се согласиле исказите

на сведоците само да се прочитаат од записник, а не и повторно да се изведат. Со ова само се потврдува тоа дека оваа одредба од ЗКП води кон непотребно одолговлекување на постапката, бидејќи во најголемиот број на случаи пред судот се преземаат непотребни дејствија од типот на повторно гласно читање на записник, што од друга страна, пак, неспорно судот може да го направи самостојно во која било потребна пригода, доколку смета дека тоа му е потребно за т.н. „освежување“ на неговата меморија. Сепак, непосредноста се смета за едно од најважните начела, па затоа не се за потценување и аргументите дека тоа може да биде значајно за коректноста и правичноста на постапката, што пак говори во прилог дека компромисното решение од ЗКП е разумно.